Врз основа на член 110, став 1, точка 8, во врска со член 163 од Законот за високото образование, како и врз основа на членовите 45, 46, 47 и 48 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола и Одлуката за распишување Интерен оглас од Наставно-научниот совет на Факултетот за биотехнички науки – Битола бр.02-177/10 од 14.02.2020 година, се распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за избор на демонстратор**

1. **Се распишува Интерен оглас за избор на:**

- **1 демонстратор по предметите: Производство на суровини од растително потекло, Зачински растенија и зачини, Екоамбалажа, Фуражно производство, Органска хемија и Аналитичка хемија со инструментални методи, за летен семестар, за академската 2019/2020 година.**

2. **Критериуми за избор:**

Кандидатот треба да ги исполнува општите услови предвидени со Законот за високото образование и посебните услови предвидени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, односно да:

- е студент на втор или трет циклус на студии.
- студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).
- има добиено две препораки од наставници на Факултетот за биотехнички науки - Битола
- поседува комуникациски вештини
- има познавања од MS Office.

3. **Кон пријавата за Интерниот оглас кандидатите да поднесат:**

- Кратка биографија;
- Потврда дека е студент на втор или трет циклус студии;
- Диплома за завршен прв циклус студии;
- Сертификат за активно познавање од MS Office.

Потребните документи (во оригинал или копија заверена кај нотар), кандидатите треба да ги достават во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Огласот на огласната табла и на интернет страната на Факултетот за биотехнички науки – Битола, лично до архивата или преку пошта, на адреса: Факултет за биотехнички науки – Битола, ул. "Партизанска" б.б., пош. фах 53, 7000 Битола, со назнака "*за Интерен оглас*".

Ненавремени и некомплетни Пријави нема да се разгледуваат.

**Факултет за биотехнички науки-Битола**